


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022

Здружение за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје

Скопје, февруари 2023

# СОДРЖИНА

**За нас ..........................................................................................................3**

**Порака од претседателот.................................................................................5**

**Список и опис на реализирани проекти и активности во 2022 година .......6**

**Финансиски преглед ...........................................................................................12**

# ЗА НАС

Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец Анте Поповски. Здружението е основано на 22.03.2022 година, а на 20.04.2022 е впишано и во Регистарот на здруженија и сојузи.

**Нашата визија:** АНТЕВО ПЕРО е граѓанска организација која на национално и интернационално ниво самостојно или пак во партнерство и соработка со заинтересираните граѓани, асоцијации и институции во општеството и пошироко, организира и ќе организира настани на кои се негува, чува и промовира делото на поетот, есеист и културен деец, академик Анте Поповски.

**Нашата мисија е**: промоција и зачувување на целокупното дело и оставнината на македонскиот писател, есеист и културен деец, Анте Поповски.

Стратешки цели на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје се:

- организација на Меѓународната поетска манифестација „Антево перо“;
- поддршка, промоција и афирмација на млади и талентирани автори;
- воспоставување соработка со институции, организации, здруженија и други фондации и асоцијации од земјата и странство.

Здружението АНТЕВО ПЕРО Скопје го сочинуваат 5 членови-основачи од различни професии и двајца волонтери. Здружението е раководено од претседател, а во реализација на активностите и содржините пред се во рамките на „Меѓународната поетска манифестација „Антево перо“ за 2022 година беа вклучени и неколку соработници, од редот на поранешниот организациски одбор на оваа манифестација.

**Начин на функционирање, вредности и принципи на работа:**

- Интегритет на Здружението, демократија, меѓусебна доверба и соработка;
- тимска работа, градење на одговорност, конзистенстност и компетентност на членовите на Здружението и ангажираните соработнци
- професионалност, респектибилност и квалитет во спроведување на проектните активности,
- информираност;
- организирање и вклучување на младите;
-транспарентност;
- соработка со институциите, организациите, установите, манифестациите и фестивалите од областа на литературата и културата
- градење партнерства и соработка со други орагнизации, заради остварување на заеднички цели

# ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ



**Драги пријатели,**

Изминува една година од основањето/регистирањето на Здружението, во чиј што наслов/име е содржана благородната идеја која што не обедини во нашето делување! Ми причинува задоволство сосема накусо да Ве воведам во првиот Годишниот извештај на Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје, во кој се нотирани главните пунктови на кои бевме фокусирани, но и постигањата во годината зад нас.

Бевме активни агилни и настојчиви најдобро што умееме и онолку колку што ни дозволи ситуацијата да ги реализираме активностите кои ги осмисливме, а се дел од Програмата за работа на Здружението во 2022 –та година.

Делувањето на Здружението се одвиваше во специфични и комплицирани околности и атмосфера, (појаснувањата ќе ги најдете подолу) поради што во овој Извештај е содржан рекапитулар на она што го сработивме и оствaривме, но само во својство на Здружение, а не и како индивидуалци кои го партиципираа и го понесоа главниот товар во реализацијата на петтото издание на Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“.

Отчетниот документ е пред Вас, а јас сум должен да упатам огромна благодарност на основачите на Здружението, но и до останатите соработници за нивната посветеност, ентузијазмот, мотивираноста, себевложувањето и професионалниот пристап во остварувањето на зацртаните содржини, што се заедно придонесе да се чувствувам исполнет, но и горд на постигнатото.

Свесен дека секогаш може и подобро и повеќе, но и дека времето што доаѓа ќе треба да покаже што сме постигнале, ќе завршам во стилот на поговорката „Трпението е дрво со горчливи корени, но многу слатки плодови“.

М. Поп

# СПИСОК НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2022

Здружението за зачувување на делото на Анте Поповски АНТЕВО ПЕРО Скопје, ги реализира планираните годишни задачи, содржини и проектни активности, зацртани во Програмата за работа за 2022 година. Според наши проценки, во годината што е предмет на Извештајот, преземените активности беа успешно реализирани и насочени кон натамошно издигнување и афирмација на веќе етаблираната Меѓународна поетска манифестација „Антево перо“, која е препознатлива на македонската културна мапа, како манифестација со којашто се настојува да се оствари влог во трајните вредности на македонската култура, да се промовира македонската книжевна продукција и да се поттикнува македонската книжевна наука.

Веднаш на почетокот, пред експликацијата на активностите кои ги реализиравме, за помалку упатените, должни сме да дадеме едно неопходно појаснување. Во овој Извештај, како што и самите ќе забележите, не се споменати, ниту пак се појаснети какви било поединости во врска бројните содржини реализирани во рамките на петтото издание на Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“,а кои пак во годините што доаѓаат, ќе доминираат како клучен и носечки дел во Извештаите на Здружението. Тоа се должи на фактот што основањето, односно регистрацијата на Здружението уследи дури по претходно поднесената апликација (во за тоа предвидениот законски рок) за добивање на средства за реализација на Манифестацијата, која патем веќе пет години се одвива под капата на Министерството за култура на Република Северна Македонија. Со други зборови, за доделените средства за организација на Манифестацијата Антево перо“ во 2022 година, аплицираше дотогашниот нејзин координатор, но во својство на физичко лице, па оттаму, ,**наративиот извештај и финансискиот отчет за потрошените средства**, како што налага Законот, директно беа поднесени во ресорното Министерство за култура.

Членовите, односно основачите на Здружението разбирливо и во овој меѓупериод, **но во својство на физички лица - индивидуалци,** партиципираа и даваа активен придонес, од почетокот, па се до крјот на петтото издание на Манифестацијата (коешто значеше и мал јубилеј) а се одликуваше со квалитативно и квантитативно пообемна програма.

**Проект: Меѓународна поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“**

Формално правно гледано, главниот ангажман како Здружение, сепак се случи во средината на месец ноември, а се огледаше и состоеше во земање учество **(за првпат во својство на правно лице**) на ГОДИШНИОТ КОНКУРС кој го распишува Министерство за култура на Република Северна Македонија за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2023 година. Преку поднесената Апликација на Конкурсот, односно,Пријава за проект од областа на манифестации и фестивали за 2023 година, јасно ставивме на знаење дека стратешка цел на делување на Здружението во иднина ќе биде организацијата и реализацијата на Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“,За шестото нејзино издание осмисливме и предложивме квалитативно и квантитативно пообемна програма со која сме убедени дека уште повеќе ќе придонесеме за издигнување на уметничкото и академско/научно ниво. На тој начин, манифестацијата дополнително ќе ја истакне својата мисија дека не е поводна или миговна, туку манифестација којашто се понагласено и во континуитет придонесува за креирање и афирмирање нови книжевни,естетски и научни вредности во земјава, но и насекаде каде што се негува и употребува македонскиот јазик.

**Активности:** Раководени од Мисијата и од стратешките цели на Здружението, уште во првата година од постоењето, покажавме, но и манифестиравме конкретна волја за соработка со државни институции и установи, но и со други асоцијации и здруженија од Македонија и од странство, фокусирани на развој на литературата, и секако на културата во поширoки рамки.

На покана од Друштвото на писателите на Македонија, Александар Поповски, еден од актуелните основачи на Здружението и донеодамнешен координатор на



Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“, зема активно учество на трибината посветена на книжевните манифестации кај нас. Давајќи придонес во отворената, и конструктивна, дебата исполнета со бројни идеи, предлози, сугестии но и забелешки, Поповски низ конкретни аргументи, образложи

зошто според Здружението кое го претставува, е неопходна многу посериозна и поиздржана аргументација од изнесената, за предлогот –најмалку еден  член на ДПМ, без исклучок, задолжително да биде вклучен во Жири комисиите кои одлучуваат за некоја од книжевните награди (во случајов) за поезија во земјата.  Исто така, Здружението АНТЕВО ПЕРО ја прифаќа поддршката на ДПМ и е подготвено со институцијата која ги преставува македонските пистели да склучи и да потпише Меморандум за соработка, но под услов прецизно и стриктно да бидат наведени обврските на двете страни.

Претседателот на Здружението АНТЕВО ПЕРО, Жорж  Поповски, оствари средба со Јулијана Младеновска Тешија, член на Македонското културно друштво „Браќа Миладиновци“ од Осиек и добитник на наградата за поезија Антево перо за 2022 година. Освен взаемното задоволство што наградата заслужно ја понесе поетесата Тешија, недвојбено беше констатирано дека овој чин е силен придонес кон поврзувањето на Македонците во Хрватска со татковината, но  и помеѓу двете земји, а воедно и настан кој нуди извонредна можност за промовирање на македонското творештво во Хрватска. За Манифестацијата, а воедно и за истоимената награда Антево перо, во меѓувреме интерес покажаа и од невладината организација „Хрватско-македонска тангента“ од Шибеник, но и од Македонскиот културен центар во Загреб, Хрватска. Првичните контакти се повеќе од оптимистички и даваат надеж дека конкретизирањето на соработката би можело да се случи веќе во првата половина на 2023 година, или пак за време на Деновите на македонската култура во Хрватска во (септември-ноември ).



Членовите на Здружението Жорж Поповски, Атина Цветаноска и Александар Поповски, имаа неколку последователни средби со директорката на Музејот на македонската борба за самостојност, Даниела Николова и со м-р. Данијела Трајкова Крстиќ – кустос историчар.  Притоа, преставниците на Здружението и на Музејот, разговараа и разменуваа предлози ,информации и сугестии за текот и  начинот на реализацијата на обемниот и макотрпен зафат за изработка на музејска документација и дигитализација на „Личниот фонд на Анте Поповски“,(подарени ракописи од неговите книжевни дела).Претходната иницијална соработка со Музејот во годината која е предмет на овој Извештај, со тоа е надградена и резултираше и со дополнително спроведени истражувања во Подрачно одделение на Државниот архив на Р.С. Македонија – Охрид, со цел збогатување на даруваниот фонд. На овој начин дополнително се обезбедени повеќе од стотина документи кои автентично и документирано ја прикажуваат улогата на Анте Поповски во развојот и трансформацијата на светски познатите „Струшки вечери на поезијата“ но и манифестацијата „Поетска ноќ во Велестово“. Овие но и други досега необјавени документи и предмети на кои посветено работат луѓето од Музејот, се планира во 2023 година  да бидат претставени и на пригодна изложба посветена на ликот и делото на Анте Поповски. Задоволството на членовите на Здружението е комплетно бидејќи досегашната меѓусебна кооперативност на Музејот и Здружението, има реални изгледи во 2023 година да биде крунисана и со потпишување на Меморандум за соработка.



Материјали од манифестација„Поетска ноќ во Велестово“ 1999 год. , посветена на Анте Поповски

На истекот од годината, членот на Здружението Александар Поповски, на одвоени средби беше примен од Градоначалникот на општина Охрид Кирил Пецаков,  како и од директорот на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид, Милчо Јованоски. Во разговорите стана збор за воспоставување на различни форми на можна соработка, која на пример би опфатила отворање на изложба на ракописи, книги и фотографии на Анте Поповски, промоција на победничките книги кои што во иднина ќе ја понесуваат поетската награда „Антево перо, книжевни разговори, но и заеднички поетски читања на наградените автори на

Манифестацијата „Антево перо“. Александар Поповски на соговорниците им врачи/подари и по еден примерок од аудио записот на есејот „Душевните очи на Григор Прличев“ од, академик Анте Поповски, во интерпретација на актерката Софија Гогова – Врчаковска. Овој аудио запис стана дел од програмата на Прличевите беседи во 2023 година и имаше своја промоција токму во рамките на чествувањето на 130 годишнината на поетот и преродбеник Григор Прличев во Охрид. Дополнително, Александар Поповски и со пригодни зборови го поздрави значајниот културен настан организиран во чест на Прличев.



„ПРЛИЧЕВИ БЕСЕДИ“

ПРОГРАМА:

03.02.2023 година (петок)
12.00 часот

Промоција на книгата: 70 години библиотека „Григор Прличев“- Охрид
Автор: м-р [illegible] Јованоски;
Промотор: Свето Стефановски – новинар и публицист
НУ Библиотека „Григор Прличев“ ( Прличева одаја)

05.02.2023 година (недела)
11.45 часот

Изложба на ликовни дела од колекцијата на НУЦК „Григор Прличев“;
НУЦК „Григор Прличев“ ( изложбен салон)

12.00 часот

СВЕЧЕНОСТ ПОСВЕТЕНА НА ЛАУРЕАТОТ НА НАГРАДАТА „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

Настап на хорот при НУЦК “Григор Прличев“ (1762 лето);
Обраќање на претставник од НУЦК “Григор Прличев“;
Обраќање на претставник од Општина Охрид;
Претставување на наградената поема „Коњски житија“;
Артистичка изведба на наградената поема „Коњски житија“;
Врачување на Повелбата за најдобра поема за 2022 година;
Свечено обраќање на лауреатот Зоран Анчески;
НУЦК „Григор Прличев“ (мала сцена)

06.02.2023 година (понеделник)
09.00 часот

Полагање свежо цвеќе пред споменикот на Григор Прличев;
ООУ „Григор Прличев“ (училиштен двор)

10.00 часот

Панихида и полагање свежо цвеќе на гробот на Григор Прличев;

Гроб на Григор Прличев ( во близина на црквата Св. Богородица – Перивлепта)
11.00 часот

СТИХОВИ И ЗВУЦИ ЗА ПРЛИЧЕВ

Изведба на песна „1762 лето“ од Џеват и Бајрам [illegible];
Обраќање на градоначалникот на општина Охрид, [illegible];
Врачување на два примерока од Автобиографијата на Прличев, отпечатена во Брајово писмо, од НУ Библиотека „Григор Прличев“ и Здружението за слепи лица од Охрид;
Врачување награди на прво наградените литературни творби на Литературниот конкурс на ООУ „Григор Прличев“;
Читање на наградените литературни творби;

БЕСЕДА ЗА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
Беседник: д-р Александра Ѓуркова

Место: Спомен – куќа на Григор Прличев

12.00 часот

Полагање ловоров венец и свежо цвеќе пред спомен – бистата на Прличев
Обраќање на проф.д-р Кристина Николовска – претседател на Собранието на Друштвото на писатели на Македонија;

Спомен – биста на Прличев пред НУ Библиотека „Григор Прличев“

13.00 часот

„ПРЛИЧЕВА ВИЗИТА“

Прогласување на најдобрата беседа за 2023 година на тема: „Прличев и ние“;
Промоција на аудио-записот, есејот: Душевните очи на Григор Прличев“ од академик Анте Поповски;
НУ Библиотека „Григор Прличев“ (Прличева одаја)

19.00 часот

Свечена приредба по повод Патрониот празник на ООУ “Григор Прличев“
ООУ „Григор Прличев“(спортска сала)




Претседателот на Здружението, Жорж Поповски, оствари контакт и соработка со дел од организаторите и учесниците на Скопскиот поетски фестивал-Стиховно мапирање на Скопје, осмислен врз основа на песни за Скопје. Во рамките на  проектот реализиран со поддшка од Град Скопје ,беше претставен и промовиран двеиполминутен поетски филм, или поконкретно филмувана визуелизација на поемата „Вардар“ од Анте Поповски, работена по сценарио и режија на Марија Шаклева.



# ФИНАНСИСКИ ПРЕГЛЕД

За средствата кои беа доделени од страна на ресорното Министерство за култура за реализација на Петтото издание на Меѓународната поетска манифестација „Анте Поповски Антево перо“ во 2022 година, претходно, пред да биде основано и регистирано Здружението, **аплицираше тогашниот координатор на Манифестацијата во својство на физичко лице.** Согласно правилата и обврските кои важат во таква ситуација, наративен извештај за реализираните содржини и  и финансиск отчет за потрошените средства (во законскиот рок) се поднесени директно до ресорното Министерство. Од тие причини, а и затоа што до истекот на извештајниот период, Здружението за зачувување на делото на Анте Поповск00и АНТЕВО ПЕРО Скопје не располагаше со парични средства, немаше обврска, согласно законските одредби да подготви Финансиски извештај кој би бил составен дел на Годишниот извештај.

**Адреса/Седиште:**

ул. „Народен фронт“ 5-10
Општина Центар, 1000 Скопје
Контакт телефон: 074/220 889
email:zdruzenieantevopero@gmail.com